Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# П Р А В И Л Н И К
за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

Скопје, јуни 2024 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), министерот за финансии, донесува

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

### Член 1

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии број 01-11278/1 од 29.12.2022 година, број 01-2902/1 од 31.03.2023 година, број 01-2902/2 од 27.04.2023 година, број 01-2902/4 од 03.10.2023 година и број 01-2902/5 од 20.10.2023 година, број 01-2902/8 од 23.11.2023 година, број 01-2902/9 од 20.12.2023 година и број 01-1903/1 од 29.01.2024 година и тоа:

### Член 2

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во работното место под „реден број 16-б, со шифра УПР0101Б01000, со звање Државен советник, со назив на работно место Државен советник за Академија за јавни финансии и воведување на стандарди и инструменти за управување со квалитет“, во делот Број на извршители бројот „1“ се заменува со бројот „2“ и во делот Вид на образование по зборовите „етика и религија“ се додаваат зборовите „и јазици и литература“.

### Член 3

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка 12.Сектор Кабинет на министерот, во потточка 12.5. Одделение за редакција и издаваштво, во работното место под „реден број 324, со шифра УПР0101В04000, со звање Помлад соработник, со назив на работно место Помлад соработник за редакција и издаваштво“, во делот Број на извршители бројот „2“ се заменува со бројот „1“.

### Член 4

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка 19. Сектор - Академија за јавни финансии, во потточка 19.2.Одделение за организација и спроведување на обуки и анализа на квалитетот на работењето, работното место под „реден број 498, со шифра УПР0101В04000, со звање Помлад соработник, со назив на работно место Помлад соработник за организација на обуки“, се менува и гласи:

| 19.Сектор - Академија за јавни финансии | |
|---|---|
| 19.2.Одделение за организација и спроведување на обуки и анализа на квалитетот на работењето | |
| **Реден број** | 498 |
| **Шифра** | УПР0101В02000 |
| **Ниво** | В2 |
| **Звање** | Виш соработник |
| **Назив на работно место** | Виш соработник за организација на обуки |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на одделение |
| **Вид на образование** | Високо образование |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | учествува во реализирање и спроведување на работните обврски и задачи од делокругот на организирање на обуки |
| **Работни задачи и обврски** | - учествува во организирање на домашни и меѓународни конференции, работилници, семинари, студиски посети и други форми на обука за стручно усовршување од областа на јавните финансии;<br>- учествува во подготвување на нацрт-буџетот за обуките;<br>- учествува во воспоставување на контакти со предавачите;<br>- учествува во изготвува листа на учесници;<br>- учествува во истражување на целната група на посетители на обуката. |

Член 5

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 01- 1903/4
10-06-2024 година
СКОПЈЕ

Министер за финансии
Dr. Fatmir Besimi

Изработил: Кимет Куртиши
Контролирал: Верица Стоилова
Лилијана Стојановска
Проверил: Laura Ajdini
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Љубомир Јорданов
Согласен: д-р Јелена Таст